РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 02-4288/2
13.07.2018 год.

Врз основа на член 23 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018), а во врска со член 11 став (2) алинеја 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА УРЕДИТЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ЗАПИСИ И НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи и на електронската евиденција што се користи за обработување на личните податоци од страна на министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: министерството).

## Член 2

Документите кои што содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од комисија определена од страна на министерот.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со уред за ситнење (шредер) за што комисијата составува записник кој што го доставува до министерот.

Во записникот задолжително се наведуваат категориите на лични податоци кои што ги содржат документите што се уништуваат.

## Член 3

По пренесувањето на личните податоци од уредите за електронски записи или по истекот на определениот рок за чување на електронската евиденција, истите се уништуваат, бришат или пак се чистат од снимените лични податоци.

Уништувањето на уредите за електронски записи се врши со механичко разделување на составните делови на уредот на кој е снимена, при што истите повторно да не може да бидат употребливи.

Бришењето или чистењето на електронската евиденција се врши на начин што оневозможува понатамошно оновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член комисиски се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на електронската евиденција, како и за категориите на лични податоци кои се снимени на уредите за електронски записи.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува примената и важноста на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи и на електронската евиденција во министерството за информатичко општество и администрација бр. 16-1573/1 од 19.04.2011 година.

Министер за информатичко
општество и
администрација
Дамјан Манчевски